Врз основа на Конкурсот за запишување ученици во јавните средни училишта во учебната 2014/2015 година во Република Македонија на Министерството за образование и наука,ОСТУ „Наце Буѓони„ Куманово, објавува

**К О Н К У Р С**

**за запишување ученици во учебната**
**2014/2015 година**

1. Во **ПРВА** година ќе се запишат **684 ученици** во 21 паралелка (330 ученици во 10 паралелки со настава на македонски јазик и 354 ученици во 11 паралелки со настава на албански јазик)според наставните планови и програми за:

**А)МАШИНСКА СТРУКА** **184 ученици распоредени во 6 паралелки**
**3** пар. со настава на македонски јазик
**3** пар. со настава на албански јазик

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -техничар за компјутерско управување | мак | 34 уч. | 1пар. | 4 г.тр. | 45 м.поени |
| | алб | 34 уч. | 1пар. | 4 г.тр. | 45 м.поени |
| -машинско-енергетски техничар | мак | 34 уч. | 1пар. | 4 г.тр. | 45 м.поени |
| | алб | 34 уч. | 1пар. | 4 г.тр. | 45 м.поени |
| -машински механичар | мак | 24уч. | 1пар. | 3 г.тр. | 30 м.поени |
| | алб | 24 уч. | 1 пар. | 3 г.тр. | 30 м.поени |

**Б)ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКАСТРУКА330 ученици распоредени во 10 паралелки**
5 пар. со настава на македонски јазик
5 пар. со настава на албански јазик

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -електротехничар-енергетичар | мак | 68 уч. | 2пар. | 4 г.тр. | 45 м.поени |
| | алб | 34 уч. | 1пар. | 4 г.тр. | 45м.поени |
| -електротехничар за компју-терска техника и автоматика | мак | 68 уч. | 2 пар. | 4 г.тр. | 55 м.поени |
| | алб | 68 уч. | 2пар. | 4 г.тр. | 55 м.поени |
| -електромеханичар | алб | 24 уч. | 1пар. | 3 г.тр. | 30 м.поени |
| -електроинсталатер и монтер | мак | 34 уч. | 1пар. | 3 г.тр. | 30 м.поени |
| | алб | 34 уч. | 1пар. | 3 г.тр. | 30 м.поени |

(реформиран наставен план и програми)

**В) ЗДРАВСТВЕНА СТРУКА 170 ученика распоредени во 5 паралелки**

2пар. со настава на македонски јазик
3пар. со настава на албански јазик

-медицинска сестра мак 68 уч. 2пар. 4 г.тр. 70 м.поени
алб 102 уч. 3пар. 4 г.тр. 70 м.поени

## 2. УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА УЧЕНИЦИТЕ

**************************************************

-да имаат завршено основно образование;
-да не се постари од 17 години;
-да се определиле за план и програма за стручно образование и обука;
-да ги исполнуваат критериумите утврдени со Конкурсот.

## 3.ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

************************************************

-пријава за запишување(пријавата за запишување ученикот ја подигнува од училиштето во кое ученикот сака да се запише и истата е бесплатна)
-оргинални свидетелства од V-VIII одделение;
-извод од матична книга на родените(без оглед на датумот на издавањето)

## 4.КОНКУРСНИ РОКОВИ

**************************

Пријавувањето и запишувањето на учениците ќе се врши во два уписни рока,**јунски и августовски**,со две пријавувања во јунскиот и едно пријавување во августовскиот рок.

На **23** и **24 јуни 2014**год. ----прво пријавување и запишување на ученици во јунскиот уписен рок

На **25 јуни 2014** год. ----- резултатите од запишување и објавување слободни места

На **27 јуни2014г**. --- квалификационото тестирање
На **28 јуни 2014г**. --- резултати

**На 30 јуни** и **1 јули 2014г**.--- второ пријавување и запишување на ученици во јунскиот испитен рок

На **3 јули 2014**година ---- резултати од запишувањето и објавување слободни места

На **21 август 2014**год.--- пријавување и запишување на учениците во августовскиот рок

На **22 август 2014**год. --- резултати од запишување на учениците и објавување слободни места

Училиштето ако во двата уписни рока не ги пополни утврдените ученички места за запишување во овој Конкурс продолжува со запишување на ученици до **29 август 2014 година.**

## 5.КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР НА УЧЕНИЦИ

*****************************************

Критериуми за избор на ученици се:

-среден успех на ученикот од V-VIII одделение;

-среден успех на ученикот постигнат по четири предмети **мајчин јазик и странски јазик** и два предмети што се од значење за струката и тоа:

-**Машинска струка** ...... **математика,физика**

-**Електротехничка струка** ...... **математика,физика**

-**Здравствена струка** ...... **биологија,хемија**

-дипломи од освоени(I, II и III) места од меѓународни и републички натпревари од (мајчин јазик, странски јазик и наставни предмети што се од значење за струката односно изборното подрачје);

-средна вредност од поени добиени за поведение.

Во училиштето доколку се пријават поголем број ученици од планираниот број,со еднаков број поени,ќе се организира квалификационо тестирање од предметите значајни од струката.

За средниот успех од V-VIII одделение ученикот може да добие најмногу 50 поени(средниот успех од петто, шесто, седмо и осмо одделение се собира,се дели на четири и истиот број се множи со коефициент 10).

За средниот успех постигнат од четирите предложени наставни предмети(два наставни предмети задолжително за сите видови образование и два предмети што се значајни за струката),ученикот може да добие најмногу 20 поени (5 поени за секој предмет).

За освоено место од меѓународни и републички натпревари ученикот може да добие најмногу 5 поени. (За освоено место од меѓународни натпревари 5 поени, за освоено место од републички натпревари: 3 поени за I место, 2 поени за II место и 1 поен за III место). На ученикот му се вреднува само една диплома која носи најмногу поени.

За средна вредност од поените за поведение од V до VIII одделение ученикот може да добие најмногу 5 поени. (Примерно поведение се вреднува со 5 поени, добро поведение се вреднува со 3 поени и незадоволително поведение со 0 поени. Средната вредност е збир од поените за поведението од петто, шесто, седмо и осмо одделение подолен со 4).

**Ученикот по сите критериуми утврдени со овој конкурс може да добие најмногу 80 поени.**

Утврдениот број минимум поени за првиот уписен рок, прво пријавување, се составен дел на Конкурсот,а за второто пријавување во првиот уписен рок училиштето може да го намали утврдениот број на минимум поени дадени во Конкурсот,за најмногу 5 поени.

Училиштата за вториот уписен рок можат да го намалат утврдениот број на минимум поени дадени во Конкурсот,за најмногу 5 поени во споредба со второто пријавување во првиот уписен рок (односно најмногу 10 поени во двата уписни рока).

Објавувањето на минимумот поени треба да се изврши

-за првиот уписен рок,второ пријавување на 28 јуни 2014 година

-за вториот уписен рок на 3 јули 2014 година.

За учениците кои завршиле осмо одделение во Република Македонија а едно, две или три одделенија (V, VI или VII одделение) завршиле во странство, за тие одделенија се зема успехот од осмо одделение и важат истите критериуми за избор на ученици дадени погоре,а за останатите случаеви се земаат во предвид само свидетелствата стекнати во Република Македонија.

За учениците кои што осмото одделение го завршиле во странство,се запишуваат под исти услови и критериуми со нострифицирано свидетелство стекнато во странство.

Бесплатен превоз или сместување на учениците кои ќе се запишат во прва година во јавните средни училишта,нема да биде обезбеден ако избраниот вид на образование(струка)го има во општината,односно регионот.Наставата се изведува на македонски јазик и кирилско писмо.

За припадниците на заедниците кои следат настава на јазик различен од македонскиот јазик и неговото кирилско писмо,наставата во јавните средни училишта се изведува на јазикот и писмото на соодветната заедница.

Пријавувањето се врши лично од ученикот т.е. родителот т.е. старателот.

Приемот на документите ќе се врши од 08-15 часот.

Документите не се праќаат по пошта.

Учениците кои ја повторувале годината со завршувањето на наставната година,да се запишат во првиот уписен рок.Повторувачите се запишуваат во рамките на законски утврдениот број на ученици во паралелката.

Учениците кои не се примени имаат право на приговор во рок од 24 часа по истакнување на резултатите на огласна табла до Училишна комисија.

Документите се подигнуваат лично најкасно наредниот ден по објавувањето на ранг-листите.

25.04.2014 година<br>Куманово

Претседател на Училишна<br>комисија

______________________

/Лидија Михајловска/